РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
09-2512/2
24-11- 2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55 - та седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-3255/1 од 02.09.2021 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ----------, член на Управниот одбор на ЈЗУ Центар за јавно здравје -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

По доставено известување со Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог до лицето ---------- и негово постапување, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-3255/1 од 02.09.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

Имено, ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ------- со бр. 09-726/1 од 15.02.2021 година и утврди дека истиот, покрај тоа што ја извршува функцијата претседател на Надзорниот одбор во ЈКП ----------, --------- во исто време е и член на Управниот одбор во ЈЗУ Центар за јавно здравје --------, што е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК констатираше дека од страна на лицето ---------- е сторен прекршок и за истото согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог, кои беа доставени до истиот..

ДКСК му укажа на истото лице дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да ја отстраните констатираната состојба, постапувајќи на еден од следните начини:

1. Да се откажете од извршување на функцијта член на Управен одбор во ЈЗУ Центар за јавно здравје ----- или
2. Да се откажете од извршување на функцијата претседател на Надзорен одбор во ЈКП ---------, ------------.

Во законски предвидениот рок, лицето -------- постапи по барањето на ДКСК и се откажа од извршување на функцијата претседател на Надзорен одбор во ЈКП --------, -------- и достави доказ до ДКСК, неотповиклива оставка со приемен печат на ЈКП -------, ------. Исто така, лицето ---------- достави до ДКСК уплатница за платена глоба по прекршочен платен налог.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното  Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З, раководител
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК